# THE ROLE OF THE PRINCIPLE OF ECONOMICS IN BUSINESS OPERATION OF THE ENTERPRISES

**Snezana Bardarova**
Faculty of tourism and Business logistics, University Goce Delcev-Stip, Republic of North Macedonia
snezana.bardarova@ugd.edu.mk
**Mimoza Serafimova**
Faculty of tourism and Business logistics, University Goce Delcev-Stip, Republic of North Macedonia
mimoza.serafimova@ugd.edu.mk

**Abstract:** The main goal of every enterprise is to be successful, financially stable and to ensure long-term business. Hence in common for all enterprises and entrepreneurs is that they strive to be efficient on the market, competitive and profit. In order to see the degree of achievement of these goals, it is necessary to measure the basic indicators that indicate, firstly, the realization of short-term profit, and then providing the possibility of maintaining a profitable long-term business.
For this purpose, in the literature and practice, large indicators are used, which together with their common name show the so-called. quality of work. Generally accepted and used, both in literature and in practice, are the indicators of productivity, cost-effectiveness and profitability.
The realization of these goals depends on a number of internal and external factors. In order to see the degree of achievement of these goals, it is necessary to measure the basic indicators that indicate the possibility of a long-term business.
In the framework of the paper, we will address and we will only process the indicator of cost-effectiveness. First we will focus on the theoretical aspects of the indicator, and then on the ways of measuring economics and economic analysis, to finally determine the role and significance of this indicator on the business performance of enterprises.
**Keywords:** cost-effectiveness, real sector, enterprises, measurement, indicator

# УЛОГАТА НА ПРИНЦИПОТ НА ЕКОНОМИЧНОСТ ВО ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

**Снежана Бардарова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет Гоце Делчев – Штип, Република Северна Македонија, snezana.bardarova@ugd.edu.mk
**Мимоза Серафимова**
Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет Гоце Делчев – Штип, Република Северна Македонија, mimoza.serafimova@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Основна цел на секое претпријатие е да биде успешно, финансиски стабилно и да обезбеди долгорочност на бизнисот. Оттука, заедничко за сите претпријатија и претприемачи е нивниот стремеж да бидат ефикасни на пазарот, конкурентни и да остваруваат добивка. Со цел да се види степенот на постигнување на овие цели, неопходно е да се измерат основните индикатори кои укажуваат на, прво, остварување добивка на краткорочен рок, а потоа и обезбедување на можноста за одржување на профитабилен долгорочен бизнис.
За таа цел, во литературата и практиката се користат голем број на индикатори, кои со заедничко име го покажуваат т.н. квалитет на работењето. Општо прифатени и користени, како во литературата така и во практиката се, индикаторите за продуктивност, економичност и профитабилност.
Во рамки на трудот, ќе се осврнеме и ќе го обработиме само индикаторот за економичност. Прво ќе се задржиме на теоретските аспекти на индикаторот, а потоа на начините на мерењето на економичноста и на економската анализа, за на крајот да ја утврдиме улогата и значењето на овој индикатор врз деловното работење на претпријатијата.
**Клучни зборови:** економичност, претпријатија, мерење, индикатор

## 1. ВОВЕД

Суштината на економичноста како основен економски принцип на работењето на претпријатијата е да се произведе што поголема вредност, да се создадат поголеми резултати со помали трошења на сите три елементи на производството: работната сила, средствата за работа и предметите за работа.

Економичноста го покажува односот меѓу трошоците и обемот на производство. Трошоците зависат првенствено од обемот на производство, но тие имаат мултиваријабилен карактер, што значи дека тие зависат од голем број фактори, тн, детерминанти на трошоците. Некои од нив се наоѓаат во самото претпријатие, некои произлегуваат од опкружувањето. На некои од нив претпријатието може да влијае со низа организациски мерки и активности, а други се објективно дадени, но во секој случај претпријатието како економски систем, нужно мора да го регулира дејството на тие влијанија во процесот на трансформација на вложувањата во резултати.

Економичноста ни го покажува степенот на штедливост во реализацијата на учиноците кај претпријатијата. Економичноста, всушност претставува мерило на успешноста на работењето на претпријатијата и го изразува односот меѓу остварените учиноци и количините на труд, предметите на трудот, средствата на трудот и туѓите услуги потребни за нивна реализација. Притоа треба да се напомене, дека го опфаќа не само тековниот труд, туку и опредметениот труд изразен преку средствата за работа, предметите за работа и останатите елементи на работниот процес. Таа покажува во која мерка се постигнуваат деловните цели и во која мерка се штедат потребните ресурси за нивно остварување.

## 2. ЕКОНОМИЧНОСТА КАКО ОСНОВЕН ПРИНЦИП НА РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Улогата на принципот на економичноста е да се утврди рационалноста на трошење на елементите на производство. Имено, економичноста претставува економски принцип на работење што овозможува максимален производен учинок со минимално трошење на компонентите или елементите на производство. Економичноста ја искажува ефикасноста на трошење во претпријатието преку настојување со потрошените средства да се направи што е можно поголем производен учинок. Суштината на економичноста се состои во штедење на елементите на производство на претпријатието. Економичноста, вообичаено се нарекува и економска или трошковна ефикасност, што јасно говори дека трошоците се битна компонента во разгледувањето и пресметувањето на економичноста. Наједноставно, економичноста се дефинира како барање даден на обемот на производство да се постигне со минимални трошоци или со дадените трошоци да се максимизира обемот на производство.[133]

Основната економска цел на работењето на претпријатието е да обезбеди позитивна разлика меѓу остварените вредности во облик на резултати на работењето и потрошените вредности во вид на трошоци за даден обем на производство и услуги. Економичноста на работењето е покомплексен индикатор од продуктивноста на трудот, бидејќи го опфаќа порационалното користење на само на живиот труд, туку и на предметите на трудот и на средствата на трудот. Принципот на економичноста претставува и парцијален економски принцип, бидејќи по своето економско значење придонесува кон остварување на основниот економски принцип, односно, кон остварување на максимални резултати од репродукцијата со минимални вложувања.

Економичноста е настојување зададениот обем на производство да се оствари со минимални трошоци, односно со дадени трошоци да се максимизира обемот на производство. Економичноста зависи од продуктивноста, бидејќи сите производни одлуки на претпријатието кои се однесуваат на количината, видот или квалитетот на инпутите имаат влијание не само на продуктивноста, туку и на економичноста. Продуктивноста е предуслов, но не и единствен услов за реализација на економичноста, бидејќи економичноста не зависи само од продуктивноста на инпутите, туку и од нивните цени. Имено, доколку продуктивноста на два процеси на производство е иста, нивната економичност може да се разликува, односно еден од процесите на производство, може да биде економски поефикасен во однос на другиот, заради разлики во цена на инпутите. Од друга страна може да се заклучи дека економичноста е предуслов за рентабилноста, бидејќи кога ќе се оствари оптималена комбинација на инпутите тоа е услов за да се оствари максимален профит.[134]

Ист обем на производство може да се оствари со различна комбинација на инпути. Комбинацијата на инпути може да биде производно-технички ефикасна, доколку не може да се намали количината на ниту еден од инпутите, а притоа да се задржи истиот обем на производство. Само една од ефикасните производно-

---

[133] Nadoveza, B, Pešić, H (2014)., *"Ekonomika preduzeca"*, Evropski univerzitet, Brcko, стр.179.
[134] Ибид, стр.175.

технички комбинации на инпутите ќе биде економски ефикасна, односно, економична. Тоа е всушност оптималната комбинација на инпути. Тоа значи потреба претпријатието да го распореди својот буџет на начин со кој техничката супституција на инпутите да биде еднаква со нивната цена. Така, техничката супституција покажува дали супституцијата на ипутите е производно-технички ефикасна. Се додека таа не е еднаква на нивната цена,претпријатието може со промени во комбинацијата на инпутите да ги намали трошоците за даден обем на производство или да произведе во поголем обем, со дадени трошоци.[135]
Оптималната комбинација на инпути е економски најефикасната и најекономичната комбинација на инпути. Имено, оптималната комбинација на инпути овозможува дадениот обем на производство да се произведе со минимални трошоци, или која овозможува со ист обем на вкупни трошоци да се максимизира обемот на производство. Тежнеењето да се постигне поголема економичност, односно поголема економска ефикасност, налага да се избере комбинација на инпути, со што се минимизираат трошоците за даден обем на производство, или се максимизира обемот на производство, при даден обем на трошоци.
Улогата на економичноста е огромна, бидејќи од неа зависи и големината на добивката на претпријатието но и личниот доход(плата) на работникот. Затоа е важно да се согледаат сите фактори кои влијаат на минимизирање на трошоците и на максимизирање на производството, односно кои влијаат на зголемувањето или намалувањето на економичноста.
Секое претпријатие кое настојува да биде економски ефикасно треба да:
1. *Определи минимални трошоци за производство за даден максимален обем на производство или*
2. *Определи максимален обем на производство во однос на дадени вкупни трошоци.*
Во двата случаи постигната е оптимална комбинација или микс на инпути.

## 3.МЕРЕЊЕ НА ЕКОНОМИЧНОСТА

Улогата на мерењето на економичноста на претпријатието е да се утврди рационалното користење на елементите на производство во процесот на работење на претпријатието. Односно, како парцијален принцип на квалитетот на економијата на претпријатието економичноста се стреми да оствари одредена вредност на производство со одредени трошоци. Оттука, како и кај секој друг индикатор за мерење на успешноста на работењето на претпријатието, економичноста може да се разгледува од аспект на:
- *Штедливост (потрошокот на елементите по единица производ) и*
- *Ефект ( остварен учинок по единица производ).*

Глобално гледано економичноста ни ја покажува способноста на претпријатието да оствари определена вредност со минимално трошење на вредности во процесот на репродукција за производство на таа вредност.
За едно претпријатие, може да се каже дека работи економично, доколку:
*1. Остварениот учинок е резултат на економичното трошење на средствата за работа, предметите за работа, туѓите услуги и рационално се располага со работната сила и*
*2. Постои можност за реализација на оствареното производство согласно остварените продажни цени.*
Како што истакнавме, мерењето на економичноста претставува однос меѓу остварениот учинок и потрошените елемнети на работниот процес.
Во зависност од големината на вака добиените коефициенти, работењето на претпријатијата може да биде:
- Економично,
- Неекономично и
- На граница на економичноста.

Притоа, треба да се нагласи дека коефициентот на економичност може да биде поголем од еден, помал од еден или еднаков на еден. Во услови кога коефициентот на економичност е:
- Кога, $E > 1$ велиме дека претпријатието работи економично,
- Кога, $E < 1$ велиме дека претпријатието не работи економично и
- Кога, $E = 1$ велиме дека претпријатието работи на работ на економичноста.

***Ефикасното работење на претпријатијата од аспект на нивната економичност претпоставува коефициенти на економичноста поголеми од еден.*** Работењето на претпријатието на граница на економичноста е доста ризично. Ваквото работење на претпријатието треба да индицира опсежна анализа на работењето на претпријатието и изнаоѓање на соодветни начини за намалување на трошоците. Неекономичното работење на претпријатието директно го загрозува неговиот опстанок. Имено, претпријатијата кои работат неекономично во пазарни услови можат да се одржат само на релативно краток

[135] Nadoveza, B, Pešić, H (2014)., "*Ekonomika preduzeca*", Evropski univerzitet, Brcko, стр.179.

временски период, бидејќи трајната егзистенција и одржливост на работењето претпоставуваат економично работење.
Мерењето и следењето на економичноста во претпријатијата може да укаже на истонасочни, но и дивергентни движења на индикаторите на економичноста на работењето. Соодветна оцена на економичноста на работењето на претпријатието, може да се добие само доколку коефициентите на економичност меѓусебно се споредат.
Нивната компарација може да се спроведе со помош на:

- ***Планско споредување,*** *кога се анализираат планираните и постигнатите индикатори на економичноста на работењето;*
- ***Временско споредување,*** *кога се ставаат во однос остварените индикатори во определен временски период и остварените индикатори во определен претходен и базен период и*
- ***Просторното споредување,*** *кога се споредуваат остварените индикатори во одредено претпријатие и индикаторите кои се остварени во споредливо, просторно одвоено, друго претпријатие, или други пресметковни единици, погони или слично.*

Имајќи го предвид напред изнесеното, неопходно е да се нагласи дека економичното работење може реално да се оцени само доколку се обезбедат сите методолошки претпоставки за сведување на парцијалните елементи на производство и одделните трошоци на заеднички именител кој претставува збирен израз на економичноста и парцијален израз на квалитетот на економијата на претпријатието, односно неговата успешност. Единствено врз основа на така мерената економичност на работењето на претпријатијата е можно во идната деловна политика на претпријатието да се постигнуваат позитивни и отстрануваат негативните влијанија.

## 4.УЛОГАТА НА ЕКОНОМСКАТА АНАЛИЗА ВРЗ ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

За претпријатијата е значајно да вршат економска анализа и да ги остварат целите на своето постоење кои се согледуваат низ односот помеѓу вложувањата и резултатите, односно низ остварување на конкурентска ефикасност која се сведува на почитување на економските принципи кои делуваат врз работењето на трговските субјекти.
Целта на економската анализа е да се спознаат можностите и степенот на примена на економските принципи со цел да се остварат максимални резултати со минимални вложувања за остварување на тие резултати[136]. Изнесеното, упатува на примена на одредени методи и анализа на трошоците и приходите, формирањето на цената, анализа на финансискиот извештај и испитување на различни показатели кои ќе придонесат за ефикасно согледување на финансискиот аспект од работењето на овие претпријатија. Најзначаен показател за утврдување на финансискиот аспект а оттука и на економичноста во работењето на претпријатија е структурата на трошоците.
Утврдувањето на трошоците е основа за утврдување на економската ефикасност за вршењето на производно-услужните дејности. Со развојот на методите на организација, планирање и анализа на деловното работење, утврдувањето на трошоците добива посебно значење при донесувањето на деловните одлуки на претпријатието.[137]
Од изнесеното, можеме да заклучиме дека трошоците имаат огромна улога за економичноста, а оттука и за профитабилноста на претпријатието.
Анализата на економичноста е испитување на односот помеѓу трошоците и обемот на производство, со цел да се одреди оптималниот обем на производство, односно обемот на производство со најниски трошоци. Взаемната зависност на трошоците и обемот на производството се изразува преку функцијата на трошоците, која покажува дека трошоците зависат од обемот на производство, Анализата на економичноста на претпријатијата во Република Македонија по одделни сектори на стопанството укажува на релативно солидно работење во однос на овој индикатор.
Значењето на економичноста се согледува во намалувањето на трошоците на претпријатието, па оттука од круцијално значење за подобрување на економичноста е рационалното користење на ресурсите на претпријатието.

---

[136] Kisic S, Petrovic –Jovanovic M., "Ekonomika preduzeca-principi I primena"., Savremena administracija, Beograd, 1995., стр.4.
[137] Spasic V., Cerovic S., "Ekonomski-finansiska analiza poslovanja preduzeca u hotelijerstvu I turizmu", Univerzitet Singidunum, Beograd, 2014, стр.63.

Зголемувањето на економичноста може да се постигне со намалување на цената на чинење на производството или пак со зголемување на обемот на производството што има влијание врз развојот на претпријатието. Значи економичноста претставува битен индикатор и начин за подобрување на работата на претпријатието. Практикувањето на принципот на економичност подразбира отстранување на сите непотребни трошоци поврзани со реализацијата на производството/ услугата.

## 5. ЗНАЧЕЊЕ НА ПРИНЦИПОТ НА ЕКОНОМИЧНОСТ ЗА ЕКОНОМСКАТА УСПЕШНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Економичноста е еден од посеопфатните инструменти на контролата на економската успешност на работењето на претпријатието, бидејќи го прати односот на претпријатието кон вкупните трошоци. Смислата на контрола преку економичноста е идентификување на местата во претпријатието во кои доаѓа до зголемување на трошоците, неспроведување на пропишаните принципи на работење, како и неефикасност на работењето.

Значењето на економичноста се состои во тоа што обезбедува рационално користење на постојните материјални и човечки можности за зголемување на учиноците.

Постојат три аспекта на значењето на економичност.

1. ***Првиот аспект*** *за претпоставка го има намалувањето на потрошоците на вкупниот човечки труд потрошен за добивање единица производ или услуга, со што се опфаќа и зголемувањето на продуктивноста на трудот. Во таа смисла, економичноста се јавува како општ синтетички индикатор на остварена економика на вкупниот труд.*
2. ***Вториот аспект*** *се заштедите на трошоците на елементите на производство, коишто се резултат на подобрената економичност, а можат да бидат употребени за зголемување на производството, за подобро извршување на било која друга човечка дејност или едноставно за задоволување на индивидуалните и општите човечки потреби.*
3. ***Третиот аспект*** *се состои во создавање на нужни материјални предуслови за проширена репродукција. Се овозможува зголемување на активностите на разни сектори во претпријатието или проширување во други стопански дејности.*

Значењето на економичноста се согледува во намалување на трошоците на претпријатието со што се намалува цената на чинење на производите и услугите. Со намалувањето на цената на чинење на производите и услугите се зголемува конкурентноста на претпријатието на пазарот преку создавање на услови за намалување на продажната цена на производите и услугите на претпријатието. Тоа понатаму има влијание врз зголемување на потрошувачката што е услов за поголемо производство, а со тоа за понатамошен раст и развој на претпријатието.[138] На овој начин економичноста повеќекратно влијае врз квалитетот на економијата на работењето на претпријатието, неговиот степен на развој и услугите на пазарот.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Мерењето на економичноста е основ за нејзиното унапредување. Доколку реализираната економичност отстапува од планираната, потребно е да се превземат определени чекори за зголемување на економичноста. Во суштина зголемувањето на економичноста може да се постигне преку зголемување на количината на учиноци при непроменети трошоци, преку остварување на повисоки продажни цени на производите и услугите на претпријатието, намалување на елементите на работниот процес и пониски набавни цени на елементите на работниот процес.[139]

За таа цел би требало да се превземат конкретни активности во рамките на деловната политика на претпријатието. Тие чекори би биле во правец на:

- *Зголемување на приходите,*
- *Намалување на трошоците,*
- *Намалување на средствата и*
- *Реорганизација на работењето.*

---

[138] Zivkovic, M. (2004)., "*Ekonomika poslovanja*", Megatrend, Beograd. стр.201

[139] Penzic, N. (2007)., "*Ekonomika preduzeca*", Fakultet za usluzni biznis. Novi Sad, стр.113.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Hodžić, N., & Gregović, N., (n.d.) *"Finansijski pokazatelji uspjesnosti poslovanja preduzeca"*, https://scindeks-clanci.ceon.rs/data/pdf/2217-8821/2015/2217-88211507072H.pdf. (пристапено на 4.7.2019,)

Ivanovic, S., (2013): "Mjerila uspeshnosti poslovanja", Megatrend, Beograd .

Jakovčević, K., Komazec, Lj., & Tomić, S. (2009) Ekonomika preduzeća – drugo izdanje (Subotica, Ekonomski fakultet Univerziteta Novi Sad).

Jiangang, G., Tian, K., & Guang, T. (2018). Non-Economic Factors Impacts on Economy: On Interphase Operating Principle. Journal of Applied Business and Economics, 20(2).

Kisic, S., & Petrovic –Jovanovic, M., (1995). "Ekonomika preduzeca-principi I primena"., Savremena administracija, Beograd.

Kapeliushnikov, R. (2017). Status of Rationality Principle in Economics: Past and Present. Journal of the New Economic Association, 33(1), 162-166.

Nadoveza, B., & Pešić, H., (2014)., *"Ekonomika preduzeca"*, Evropski univerzitet, Brcko.

Penzic, N., (2007)., *"Ekonomika preduzeca"*, Fakultet za usluzni biznis. Novi Sad.

Petrovic, Z., (2012)., *"Sistemi obračuna troškova",Iniverzitet Singidunum,* Beograd.

Smlatić, Š., & Stavrić, B., (2011)*"Teorije poslovne ekonomije" Univerzitet za poslovni inženjering i menadžment, Banja Luka.*

Spasic, V., & Cerovic, S., (2014)., "Ekonomski-finansiska analiza poslovanja preduzeca u hotelijerstvu I turizmu", Univerzitet Singidunum, Beograd.

Wang, Z. (2019). The Principle of Trading Economics. Springer Books.

Zivkovic, M., (2004)., *"Ekonomika poslovanja",* Megatrend, Beograd.

Бојаџиоски, Д., & Блажеска, О., (2009): „Економика на претпријатие", трето преработено и дополнето издание, Економски факултет - Скопје.